Уп. бр. 08-35

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 208/24 и 16/25), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од АЛПЕ V, друштво за инвестиции, д.о.о., со седиште на Веровшкова улица 55А, 1000 Љубљана, Словенија, преку Адвоктско друштво Кнезовиќ и соработници од Скопје, на седницата одржана на ден 12.03.2025 година, го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

Се утврдува дека концентрацијата со која АЛПЕ V, друштво за инвестиции, д.о.о., со седиште на Веровшкова улица 55А, 1000 Љубљана, Словенија, преку неговото поврзано друштво ВЕТЕРИНАРНА СТАНИЦА ШМАРЈЕ ПРИ ЈЕЛШАХ д.о.о., со седиште на Рогашка цеста 46, 3240 Шмарје при Јелшах, Словенија ќе стекне контрола над САНОВЕТ, ветеринарна амбуланта, услуги и трговија, д.о.о., Јесенице со седиште на Мурова 1, 4270 Јесенице, Словенија, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6 000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11, 84/12, 192/15, 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21) на сметка на Буџетот на Република Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

О б р а з л о ж е н и е

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 12.02.2025 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата) беше доставено известување за концентрација од АЛПЕ V, друштво за инвестиции, д.о.о., со седиште на Веровшкова улица 55А, 1000 Љубљана, Словенија, со која АЛПЕ V, друштво за инвестиции, д.о.о., преку неговото поврзано друштво ВЕТЕРИНАРНА СТАНИЦА ШМАРЈЕ ПРИ ЈЕЛШАХ д.о.о., со седиште на Рогашка цеста 46, 3240 Шмарје при Јелшах, Словенија ќе стекне

контрола над САНОВЕТ, ветеринарна амбуланта, услуги и трговија, д.о.о., Јесенице со седиште на Мурова 1, 4270 Јесенице, Словенија.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација и прилозите кон истото го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

АЛФИ ПЕ е најголемиот менаџер на приватен капитал со седиште во Словенија. Истиот управува со 2 приватни инвестициски фонда: АЛФИ ПЕ д.о.о., СИС к.д. и АЛФИ ПЕ Гроут СИС д.о.о. к.д. АЛПЕ V, друштво за инвестиции, д.о.о е во 100% сопственост на АЛФИ ПЕ д.о.о., СИС к.д. и е Друштво со посебни намени кое поседува удели во ветеринарни компании во рамките на АЛФИ Групата.

Регистрирана дејност на АЛПЕ V, друштво за инвестиции, д.о.о е: консултантски активности поврзани со деловното работење и други работи на управување.

АЛФИ Групата моментално има 1 поврзано друштво во Република Северна Македонија: Друштво за трговија и услуги АПОЛЛО МК ДООЕЛ Скопје со ЕМБС 6577857 со седиште на бул. Киро Глигоров бр. 13 Скопје со приоритетна дејност 46.49 – трговија на големо со друга стока за домаќинства.

САНОВЕТ, ветеринарна амбуланта, услуги и трговија, д.о.о., Јесенице врши клинички прегледи, вакцини и третмани, како и лабораториска дијагностика за мали и големи животни, операции на меките ткива кај животни како што се стерилизации, кастрации и други процедури, а специјализиран е и за орални процедури кај кучиња и мачки како што се чистење на забите и терапија на непцата.

САНОВЕТ, ветеринарна амбуланта, услуги и трговија, д.о.о., Јесенице нема поврзани субјекти регистрирани во Република Северна Македонија, ниту има остварено промет во 2023 година на пазарот на Република Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) и од член 14 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**М-р Малинка Силјановска Николиќ**